Kusht për dhënien e ndihmës shtetërore është që përfituesi i ndihmës të investojë një shumë jo më pak se XXX si kosto investimi të justifikuar për projektin e investimit në Zonë, në periudhën deri në datën e përfundimit.

Shoqëria për prodhim, tregti dhe shërbime TEKNOPANEL SHPK Shkup do të hapë së paku XXX vende të reja pune, duke punësuar së paku XXX punëtorë deri në datën e përfundimit të investimit.

Përfituesi i ndihmës detyrohet të mbajë investimin, d.m.th., mjetet (objektet, ndërtesat, pajisjet) në gjendje produktive, funksionale dhe të përdorshme për një periudhë të paktën pesëvjeçare nga data e përfundimit të projektit të investimit, e cila është në përputhje me Neni 6 (1) i Dekretit për kushtet dhe procedurën e dhënies së ndihmës rajonale. Nëse përfituesi i ndihmës shtetërore nuk e plotëson këtë kusht, ai është i obliguar që ta kthejë të gjithë shumën e ndihmës shtetërore të pranuar në përputhje me Marrëveshjen për dhënien e ndihmës shtetërore ndërmjet Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe Shoqërisë për Prodhim, Tregti dhe Shërbime TEKNOPANEL ShPK Shkup së bashku me normën e interesit të llogaritur në përputhje me ligjet dhe rregulloret e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Përfituesi i ndihmës shtetërore do të financojë të paktën 25% të kostove të justifikuara të investimit për projektin investues nëpërmjet mjeteve të veta ose nëpërmjet financimit të jashtëm në një formë që nuk përbën ndihmë shtetërore sipas Ligjit për Kontrollin e Ndihmës Shtetërore.

Ndihma shtetërore rajonale kumulative do të kufizohet në një shumë jo më të madhe se 50% e kostove të konfirmuara të justifikuara të investimit të realizuara deri në datën e përfundimit.

PA nr.10-88
8 qershor 2022
Shkup

Kryetar,
Prof. Dr. **Vlladimir Naumovski**, d.v.

## ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ПРАВА ЗАМП

**4595.**

Врз основа на член 132 и член 144 од Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на РМ“ број 115/2010, 140/2010, 51/2011, 147/2013, 154/2015, 27/2016), како и член 13 од Статутот на Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП Скопје на седницата одржана на ден 5.12.2023 година во Скопје, донесе

### О Д Л У К А

Член 1

Се усвојува предлогот на Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на РМ“ број 141/14, број 36/16 и број 147/2023).

Член 2

Се задолжува Стручната служба на ЗАМП Скопје да изготви Пречистен текст на Правилникот за распределба на авторските надоместоци и да го достави до Собранието на ЗАМП Скопје на усвојување.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила на денот на донесувањето.

Бр. 0201-1577/2
6 декември 2023 година
Скопје

Собрание на ЗАМП
Претседател,
**Дејан Момироски,** с.р.

**4596.**

Врз основа на членовите 132 и 144 од Законот за авторското право и сродните права на Република Северна Македонија („Сл. весник на РМ“ бр.115/10, 140/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16), член 13 став 1 точка 1 од Статутот на Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП Скопје (во понатамошниот текст: ЗАМП Скопје), Собранието на ЗАМП Скопје на седницата одржана на ден 5.12.2023 година, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА АВТОРСКИТЕ НАДОМЕСТОЦИ

Член 1

Се дополнува член 8 од Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на РСМ“ бр.147/2023) со нов став 2 кој гласи:

„Измените и дополнувањата на член 46 став 3 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на РМ“ број 141/14, број 36/16 и број 281/2022“) во смисла на член 6 од овој Правилник, ќе се применуваат почнувајќи со распределбата на авторските надоместоци за 2024 година, што ќе биде утврдена со општата пресметка во 2025 година.“

Член 2

Се менува ставот 3 од членот 86 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на РМ“ број 141/14, број 36/16 и број 147/2023) и истиот по промената гласи:

„Средствата прибрани од Здружението врз основа на извршени административно-технички работи за други здруженија, кои се предвидени со посебни правни дела, задолжително ќе бидат наменети за покривање на тековните режиски трошоци (струја, вода, други комунални трошоци, греење и други) на Здружението, на начин што сите обврски по основ режиски трошоци примарно ќе бидат затворани од овие средства, сè до нивно потполно исцрпување, а потоа од средствата прибрани како авторски надоместоци“.

Член 3

Одредбите од член 2 од овој Правилник за измени и дополнување на Правилникот за распределба на авторските надоместоци ќе се применуваат почнувајќи со распределбата на авторските надоместоци за 2023 година, што ќе биде утврдена со општата пресметка во 2024 година.

Член 4

Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за распределба на авторските надоместоци по неговото донесување согласно ЗАПСП и Статутот на ЗАМП Скопје се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за распределба на авторските надоместоци влегува во сила осмиот ден од објавувањето.

Бр. 03-1577/1
6 декември 2023 година
Скопје

Собрание на ЗАМП
Претседател,
**Дејан Момироски,** с.р.